Почитувани занаетчии, Занаетчиска комора Скопје Ве известува дека:

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) а во врска со член 6 став 1 точка 6 од Законот за комунални такси (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/12), Советот на Град Скопје на седумдесет и осмата седница, одржана на 24 декември 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прогласување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Град Скопје**

Со оваа одлука Советот на Град Скопје определува дека на подрачјето на Град Скопје дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање се: ковачи, грнчари, лимари, казанџии, копчари, свеќари, крзнари, шапкари, изработувачи на сувенири (ракотворби), јорганџии, опинчари и саатчии.

Дефицитарните занаети и вршителите на занаети во изумирање на подрачјето на Град Скопје се ослободени од плаќање на комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија.

Доколку вршите занаетчиска дејност од погоренаведените занаети и сте задолжени од Град Скопје за плаќање на комунална такса за фирма, ве молиме да се обратите во Занаетчиската комора Скопје, или да се јавите на тел. 078 312-134, 071 991-981

Со почит

Занаетчиска комора Скопје

Претседател

Никола Петров